**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 март 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија, господин Благој Зашов.

**Благој Зашов:** Ги повикувам пратениците кои да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ристо Пенов, Ќенан Хасипи, Гоце Марковски, Ратко Димитровски, Фијат Саноски, Фљора Кадиру, Валентина Божиновска, Весна Јаневска, Данаел Дончев, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубиша Георгиевски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Весна Бендевска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Пред да поминеме на предлогот за донесување на закон за катастар на недвижности,со Предлог на закон, за збор се јави господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер, колеги пратеници, се извинувам што ќе ви земам две минути од вашето време за работа што не е во врска со дневниот ред, меѓутоа јас како пратеник, се разбира и сите пратеници кои не се од Скопје, а повеќе од времето го поминуваат во Скопје, да кажам дека вчера имав неколку разговори со граѓаните на Скопје и неколку апели и денес од сабајле, сакам да упатам еден јавен повик, еден апел до градоначалникот на Град Скопје, бидјеки во саботата бевме сведоци како едно мало ветерче во Скопје ја покажа вистинската слика на Скопје. Имено, Скопје е најпрљавиот град, верувајте, не во Македонија, не во Европа, туку во светот. Имаме ископани улици, ископани паркинзи, паркирани коли по паркови.

Токму затоа сакам да упатам еден апел до градоначалникот на Град Скопје Трифун Костовски, сиот почит кон него, дека ниту е спортски натпревар, ниту е музичка манифестација. Градот Скопје е Град за кој граѓаните издвојуваат најмногу пари за комуналните такси. Затоа барам од градоначалникот на Скопје да разговара со дел од директорите на јавните претпријатија, барам да разговара и да ги повика на разговор сите градоначалници, посебно градоначалничката Виолета Аларова, господинот, земи цефки работи, Кирил Тодоровски и да му објасни дека ова не е ничија прчија, да се фатат за работа, бидејки денес е 3 март и за помалку од година дена ќе има повторно локални избори, ќе има нови градоначалници кои, верувајте, ќе ја испитуваат нивната работа со една независна ревизија.

Сметам дека и овој Град и граѓаните, вклучувајќи не и нас, заслужуваме подобра власт од оваа која во моментот, низ призмата цело Скопје ВМРО-вски Град, без намера политички да иритирамнекого, треба да сфатат дека утре ќе одговараат за својата работа односно неработа. Благодарам.

**Благој Зашов:** И јас благодарам господине Рахиќ за процедуралната забелешка. Можам да кажам дека се согласувам со вас во поглед на чистотата на Скопје и дека треба нешто да се превземе.

**Минуваме на точката 6 од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за катастар на недвижности, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работнит етела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворма претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда, господинот Михајло Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани дами и господо пратеници.

Денес на дневен ред е предлогот за донесување на закон за Катастар и недвижности, со Предлог на закон. Се работи за еден исклучително значаен проект, поради што во подготвувањето на законот беа вклучени експерти од повеќе области и дејности.

Проектот Катастр на недвижности и регистрација од 2005 до 2009 година е поддржан и финансиран од Светска банка. Во Извештајот и Ет мемоарите од Светска банка е укажано на потребата од донесување на нов закон поради тоа што се констатирани низа недостатоци во постојниот Закон за премер на катастар и запишувањето на правата на недвижностите од 1986 година. Значи Законот за катастар е донесен некаде пред 22 години и очигледно е дек аодредбите од тој Закон што сега е во сила, не ги задоволува современите барања и поради тоа, согласно Предлогот и согласно подршката од Светска банка, Владата пристапи кон подготвување и предлагање на нов закон за катастар на недвижности.

Иако со овој Закон од 1986 година беше создадена правна рамка и законска рамка за воспоставување на премер на катастар на недвижностите, се покажа дека Законот има многу пропусти и недостатоци поради што Законот се покажа како недоволно ефикасен и поради тоа се оценува дека е пречка за поголема ефикасност во оваа исклучително значајна област. Значи поминаа повеќе од две децении, но до 2005 година во Република Македонија востановен е кататер на недвижности се на се на околу 45% од територијата.

Само да ви кажам и тоа дека за последните две години, особено во 2007 година, со исклучителни напори што ги вложи Државниот завод за геодетски работи во целина, тој процент за година или година ипол дена изнесува некаде 70,5%, а согласно нашите определби и согласно проекцијата за исполнување на условите и кретириумите на Република Македонија за добивање на поканата за членство во Европската унија, значи до септември 2008 година, со Катастарот на недвижностите треба да биде опфатено некаде околу 75% од територијата на Република Македонија. Сепак, иако во овој временски период, во толкав процент, значи за 20 и повеќе години само 45%, за овие две години е некаде околу 70,5%, се оценува дека главен недостаток за досегашната постапка на усогласувањето на Катастарот за недвижности, по службена должност, е тоа што постапката беше многу долга и зависеше од странката. Странките се тие кои беа во позиција да ја контролираат постапката на излагање на јавен увид, многу време и многу пари се трошат за да се осигураат, секој е поканет за да се води расправата за запишување на правата на недвижностите и поради тоа комисиите треба да ја зајакнат расправата во време во кое тие сметаат дека ќе им одговара на странките, бидјеки се троши многу време чекајки ги странките да се јават на поканата, а странките ќе чекаат до колку претходната расправа не завршила на време, или ќе се јават некој друг ден. Поради тоа нема време за тоа, бидејки примарна цел на Државниот завод за геодетски работи е развивање на пазарот на недвижностите, преку создавање на катастар на недвижностите. Кај граѓаните кога ќе се спомне и покрај овие напори што се постигнати и покрај овие мерки што се превземени и резултати постигнати во овој домен, сепак кај нив создава едно чувство на незадоволство, асоцира на турканици пред шалтерите, долги постапки за запишување на правата на промените, долги судски постапки, многу проблеми, па во еден дел и корупција и злоупотреба на положбата. Да беше среден Катастарот на недвижностите, верувам дека ќе имавме повеќе и домашни, а повеќе и нови странски инвестиции, во нови стопански произвотствени капацитети во Република Македонија. Токму поради тоа, од огромното значење на Катастарот на недвижностите е внесувањето и користењето на податоците и правната сигурност и правата на сопственост, се подготви и нов закон кој денес, почитувани пратеници, е на маса пред вас и за кој денес ќе се води расправа по Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон.

Законот кој се предлага се заснова на неколку битни начела. Тоа се: начелото на задолжително запишување на недвижностите; начелото на конститутивност на запишаното; начелото на јавност; начелото на точност и верба во запишаното; начелото на законитост и други начела што ги содржи законот.

Со законот исто така се уредуваат и основните геодетски работи на недвижностите, во функција на Катастарот на недвижностите. Значи се востановува и одржувањето на Катастарот на недвижностите, се воведуваат државните топографски карти, се усвојува регистарот на просторните единици, се воведуваат геодетски катастарски информационен систем на Република Македонија за содржината и управувањето со податоците, како и воспсотавување и одржување на јавен пристап до недвижноста и инфраструктурата на просторните податоци.

Исто така со законот се уредува и значењето на изразите и јавниот интерес на Катастарот на недвижностите.

Законот пропишува дека основните геодетски работи, премерот на недвижностите, воспсотавувањето и одржувањето на геодтско-инфорамцискиот систем, ќе се врши врз основа на стратешкиот план кој го донесува Владата и годишни програми за работа.

Понатаму ново е тоа што се основа Агенцијата за катастар на недвижности, со што се трансформира постојниот Државен завод за геодетски работи.

Стратешкиот план Владата го донесува на предлог на Агенцијата, а на годишната програма за работа на Агенцијата, согласност дава Владата. Тоа значи дека е дупло врзано.

Агенцијата има својство на правно лице со надлежности предвидени во членот 8 од Законот.

Агенцијата, исто така има Управен одбор од 5 члена и директор, составен од Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за фианнсии, Министерството за животна средина, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Нив ги именува Владата.

Директорот на Агенцијата исто така гоименува Владата, со мандат од 5 години, на јавен оглас, а исто така и заменик диркторот.

Во Законот се определени и надлежностите на сит еовие органи. Агенцијата има стручна служба. Стручните административните и правните работи на Агенцијата ги вршат катастарските службеници. Тоа е нов поим што се воведува надвор од тоа што е државен службеник согласно Законот за државни службеници, а помошници и другите работи во Агенцијата ќе ги вршат техничките и помошните работници.

Финансирањето на Агенцијата ќе биде од Буџетот на Република Македонија и од приходи што ќе се остваруваат согласно одредбите од законот.

Во законот е вграден и принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници во Република Македонија, согласно уставниот принцип.

Второ, од значајните аспекти на овој закон е формирањето на геодетско-катастарскиот информатски систем. Тоа е една голема придобивка, затоа што до сега Република

Македонија немаше геодетско-катастарски информациски систем.

Системот се формира заради прибирање, обработка, одржување, управување, користење и дистрибуција на просторните и описните податоци на недвижностите.

Податоците во системот се чуваат во писмена форма и во електронска форма, во посебни компјутерски ситеми. Тоа значи дека физичките и правните лица, како и сите други заинтересирани субјекти можат под услови определени со закон со непосредно поврзување да добиваат податоци од информацискиот систем.

Податоците од евиденцијата за бесправно изградените објекти и за времените објекти се издаваат како евидентен лист.

Она што е значајно може да се напомене дека основните геодетски работи се вршат преку дефинирањето на државен референтен систем и геодетски референтни мрежи.

Премерот на недвижностите се состои од прибирање на податоци за катастарските парцели класирани како што се земјоделско земјиште, згради, посебни делови од згради и други објекти и се врши по катастарската општина. По правило катастарска единици е секое населено место.

Посебно значајно е и како новина во законот тоа што се надградува законската основа за теренските геодетски работи што се вршат од страна на овластени трговски поединци, геодети, геодетски инжинери и геодетски друштва.

Сакам да ви напоменам една работа да ја имате во предвид почитувани пратеници дека во 2006 година, сега во Република Македонија има околу 197 овластени геодети. Само во 2007 година има зголемен број на овластени геодети за 82. Според тоа можете да претпоставите ако од 2005 до 2007 година имало волку геодети, само во 2007 година има нови 82 овластени геодети, а трговски геодетски друштва се зголемени во 2007 година за 34. Тоа значи дека ги покажува напорите на Владата, на Државниот завод за геодетски работи на соодветните институции во Република Македонија Катастерот на недвижностите да биде уреден на еден соодветен начин за да може Република Македонија да има Катастар на недвижности, да се обезбедува правната сигурност на сопственоста, да се обезбедува и странските инвеститори и домашните инвеститори да имаат соодветна сигурност и да имаат правна сигурност во тоа што ќе го вложуваат и податоците кои ќе треба да ги црпат од катастарот, а не како до сега да бидат изложени, иако кога ќе добијат одреден евидентен лист, имотен лист, итн, па низ судска постапка тоа да може да биде на одреден начин побивано. Сега со новиот закон што се предлага практично тоа што е запишано е запишано и понатаму тоа не може на било кој начин да се избегнува. Затоа е таа претходна постапка која што треба да биде уредена и која што треба да биде спроведена токму заради гаранцијата на правата на сопственоста запишана во Катастарот.

Ве молам, почитувани пратеници, да ги имате во предви сите овие укажувања кои ви ги дадов во воведново излагање и во расправата која што ќе биде, како и расправата што беше на комисиите да ја утврдите потрабата од донесувањето на новиот закон и да одлучите на оваа седница да се разгледа и Предлогот на законот. Благодарам.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,42 часот)

**Благој Зашов:** Ги молам колегите пратеници да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Колеги пратеници, продолжуваме со работа по Предлогот за донесување на закон за Катастар.

За збор се јави господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, кој што се присутни во салата, за жал, малку, почитуван заменик министер.

Би сакал накратко да ги кажам своите ставови околу Предлогот за донесување на закон за Катастар на недвижности, со Предлог на закон, бидејќи сметам дека се работи за мошне важна област која што во практичниот живот на луѓето врзува многу интереси, некогаш и некои конфликтни ситуации кои што поради недоволната прецизност на законската регулатива, или поради несовесното работење на дел од вработените во сегашниот Државен завод за геодетски работи, навистина има потреба од регулирање на оваа област со посебен закон и веројатно потреба стандардите во работењето на Државниот завод за геодетски работи постои, бидејќи со овој закон ќе се именува во Агенција да се подигнат навистина на многу повисоко ниво како стручно, професионално и во делот на одговорноста.

Жал ми е што,

Прво, Владата за овој закон се реши да го помине во една фаза, односно да не остави простор законот да оди во две фази и по тоа да се отвори една стручна расправа, јавна расправа во однос на решенијата кои што се нудат во законот и на некој начин верувам дека ќе се добиеше многу поквалитетен закон со многу поквалитетни решенија кога ќе се слушнеа сите засегнати страни. Но, тоа е пракса во работата на оваа Влада, вакви значајни закони да ги носи во една фаза без да отвори јавна расправа по истите, затоа што веројатно дел од решенијата можеби Владата цени дека не може да ги одбрани пред луѓето и затоа сака ова да го протне во една фаза, а потоа кога праксата ќе покаже дека имало грешка сигурно дека ќе обвини некој друг дека работел спротивно на законот или дека не работел совесно.

Значи, со законот се предвидуваат неколку промени во работењето на Државниот завод за геодетски работи.

Прво, се менува називот на Државниот завод за геодетски работи, значи ќе биде Агенција за катастар на недвижности, што според мое

видување претставува една терминолошка промена на називот, а не некоја суштинска измена. Но, добро е што се менува и статутот на Агенцијата, на Државниот завод за геодетски работи, значи ќе има својство на правно лице, а не како досега да биде дел од органите во Владата.

Со ова Агенцијата е предвидено да ја управува директор, заменик директор и да има управен одбор. Повторано тука би сакал да се задржам околу управниот одбор. Владата предвидува управниот одбор да биде составен од пет член и тоа сите пет члена да бидат од редот на Министерствата. Значи, од Министерството за правда, Министерство за транспорт и врски, Министерството за финанасии, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

И на Комисијата министерот за правда не сакаше да даде објаснување зошто целиот управен одбор е составен токму од луѓе од Министерствата и не е оставен простор и други заинтересирани органи да бидат дел од овој управен одбор, на пример, нема претставник од ЗЕЛС, бидејќи општините во значителна мера се заинтересирани за тоа како ќе функционира Агеницијата за катастар на недвижности. Зошто на пример нема претставник од Комората на геодетите, кои што исто така ќе бидат заинтересирани за тоа како ќе функционира новата Агенција за катастар на недвижности. Во таа ситуација, Владата преку управниот одбор и преку нејзините претставници би го задржала мнозинството во управниот одбор, но би се создала една можност внатре во самата Агеницијa сите прашања што ќе се јават како проблем при практичното спроведување на законот да се решаваат на постручно ниво и со учество на сите засегнати страни.

Исто така не е напишано околу квалификациите кои што треба да ги имаат членовите на управниот одбор. Јас мислам дека тука има една грешка.

Во однос на другите работи кои што се регулираат со овој закон, а кои што се однесуваат на трговците поединци за вршење на геодетски работи или на трговските друштва, тука исто Владата прави обид целата контрола околу работењето на овие трговски друштва да го стави под нејзина контрола. Значи, се предвидува Агенцијата да има право да врши директен увид во книгите на овие трговци поединци, или трговски друштва што претставува нарушување на слободата на работењето, бидејќи тие како правни лица сигурно дека има одредени надлежности или обврски во делот на работењето и по тој основа подлежат под контрола.

Најголемиот проблем што се јавува околу работењето на овие трговци поединци или трговски друштва е вршење на геодетските работи е можноста Агенцијата да ги утврдува цените по кои тие ќе ги вршат услугите.

Ако министерот за правда во своето излагање кажа дека само оваа година, или претходната година се формираа многу, многу трговски друштва не ја гледам целта пазарот да не биде тој кој што ќе ги определи цените за вршење на тие услуги.

Ако Владата сака да ги заштити граѓаните од плаќање на високи цени тогаш би било добро да се определи највисокото ниво на цените. Значи, тоа е да не можат да вршат услуги овие лица или трговски друштва, а во рамките на таа највисока цена сите друштва да можат слободно да ги определуваат цените и едноставно да создадат конкуренција на пазарот, која што можеби некој ќе може и по пониски цени да ги врши тие услуги и на некој начин да се раздвижи овој пазар на вршење на услуги во областа на геодетските работи.

Исто така би сакал, доколку може заменикот министер за правда да ми објасни што значи промена на статусот на вработените во Државниот завод за геодетски работи од државни службеници во катастарски службеници што практично ќе значи тоа за нив, бидејќи со Законот за државни службеници знаеме дека има одредена заштита и одредени правила околу отпуштањето од работа, напредувањето во кариерата итн. Дали истите тие правила ќе важат и за катастарските службеници. Онака како што е објаснето во законот тука е предвидено дека за нив ќе се применуваат одредбите од Законот за работни односи што за мене лично претставува едно намалување на нивните права. Ако е целта да се зголеми одговорноста во работењето или некои други причини може да се зајакне контролата би сакал заменикот министер, бидејќи министерот не е тука да одговори на овие прашања што всушност ќе значи ова во однос на статусот на сегашните вработени кои што имаат статус на државни службеници.

Исто така би сакал да укажам на еден проблем кој што се јавува сега моментално во функционирањето на Државниот завод за геодетски работи, а кој што се однесува на остварувањето на правата на граѓаните од аспект на запишување на нивниот имот во катастарот.

Значи, ако според постојниот закон отворите постапка да впишете одреден имот и ако некој поднесе пријава тоа оди на второстепена комисија при Владата на Република Македонија. Оваа второстепена Комисија практично и како да не постои. Нема решение по однос на жалбите и по година дена и повеќе од нејзина страна.

Со овој закон е предвидено сега да се оди на управен суд, но за постојните предмети е пишано дека ќе се решаваат во рамките на второстепената Комисија што сметам дека е многу лошо законско решение, остава простор одредени предмети и понатаму и повеќе од година дена да стојат заглавени во лавиринтите на бирократијата и луѓето да не можат да си го остварат своето право.

Дискутиравме и на Комисија, баравме да се определи рок. Значи, во членот 206 да се определи рок во кој што второстепената Комисија ќе утврди, ќе и се даде време во кое што ќе мора да ги реши сите овие предмети. Да не остане ниту еден предмет на второстепената Комисија кој што не е решен. Мислам дека тој рок мора да биде што пократок, министерот за правда да го прифати тоа и очекувам Владата со амандмани да реагира и да стави рок дека до 31 септември сите предмети кои што се наоѓаат на вротостепена Комисија кај Владата ќе бидат решени. Во најголем број случаи се работи за отстапување на квадратните метри кои што треба да се спишат каде што има описен катастар претходно, а потоа се вовел предметен катастер и се јавуваат одредени отстапувања.

Со овој закон се нуди одредено решение кои што се надевам дека ќе биде правилно применето во пракса и се дозволува одредено отстапување од 500 до 1000 метри квадратни. Тоа ако се применува правилно е во ред, но ако некој почне да го злоупотребува ценам дека отвора можности за големи злоупотреби од страна на оние кои ќе решаваат, но јас би сакал да гледам од позитивната страна на ова решение и се надевам дека така ќе биде и во пракса.

Најбитно по мое видување и по реакциите на граѓаните кои доаѓаат кај нас е второстепената Комисија што побрзо да ги заврши предметите кои што се наоѓаат во нејзина надлежност, да не чекаат луѓето по година дена и повеќе. И со сегашното мерење се јавуваат се повеќе проблеми.

На крајот би сакал да го запрашам замениокот министер, во законот стои дека ќе бидат потребни сретства до Буџетот за воведување на одредени системи за осовремување на Агенцијата за катастар на недвижности но никаде не стои колку ќе има потреба од нови вработувања во Агенцијата за катастар на недвижности, дали би можел да ни каже колку ќе изнесува тој број по однос на она што е проекции на Владата и дали до крај ќе се испочитуваат роковите и катастерот на недвижности ќе се заврши согласно она што е проекција на Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Заменикот министер за правда се јави за да одговори на вашите поставени прашања.

Повелете господине заменик министер.

**Сашо Василевски:** Благодарам потретседателе.

Почитуван пратеник Николов, ќе се обидам накратко во делот на потребата од менувањето да дадам одговор на прашањето за менувањето на статусот на државните службеници од трансформацијата согласно Законот за државни службеници и кои беа основните побуди зошто се одлучивме на еден таков чекор. Вас ви е познато дека државен службеник е лице кое врши работи поврзани со функциите на државата односно лица вработени во органите наведени во член 3 став 2 од тој закон, меѓу кои спаѓаат и органите на државната управа. Сега, со менувањеот на институционалната поставеност на органот кој ги врши работите од Катастарот на недвижностите, сметавме дека се создаваат услови за менување на статусот на вработените. Исто така, согласно Законот за државни службеници постапката околу приемот на нови вработени и добивање сатус на државен службеник, ќе се согласиме дека е малку подолга во согласност со да речеме Законот за работните односи, каде што сметам дека е таа постапка драстично поредуцирана, побрза и поефикасна.

Вториот момент кој што исто така сметавме дека би било поефикасно да ги трансформираме и да ги одделиме од Законот за државни службеници, беше и системот на наградување и санкционирање, затоа што заеднички ќе се сложиме дека добар дел од вработените во Катастарот нема потреба од казнување, а можеби и од наградување. Ако се поведеме согласно постапката на Законот за државни службеници и таа постапка, таа е малку во подолг период, токму беше една од причините да дадеме поголема ефикасност сето тоа во интерес на граѓаните на Република Македонија, бидејќи сепак претставува една болна точка Катастарот и впрочем инсистирањето на странците за влез на странски инвестиции кои се токму еден од проблемите околу утврдувањето и регулирањето на проблемот во Катастарот. Толку, благодарам и тоа беа основните мотиви и причини кои што сметавме дека е добро овие катастарски службеници сепак согласно Законот за работните односи, колективните договори кои што регулираат дел од обласата на оваа недвижност. Благодарам потпретседателе.

**Благој Зашов:** Благодарам господине заменик министер.

Колеги пратеници, пред да продолжиме, господине Николов би сакал да ве известам дека во моментот на балконот во нашата сала присуствува делегација на Комисијата за европски прашања при Парламентот на Република Словачка во состав госпоѓа Олга Нахмаднова, шеф на делегацијата, госпоѓа Вјера Мазурова - член, господин Александар Славковски - член и госпоѓа Габриела Мадрова од Службата на Комисијата за европски прашања. Мислам дека и господин Томас Швер кој е присутен тука и него да го поздравиме.

(Аплауз)

Поздравувајќи ги колегите од Словачка им пожелуваме убав престој во нашата земја.

За збор се јави господин Николов Марјанчо како реплика на излагањето на господинот заменик министер за правда.

Повелете господине Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Само накратко му благодарам на заменикот министер за објаснувањата. Интенцијата моја со дискусијата беше навистина ако е целта да се воведат одредени стандарди од аспект на оние

што работат добро да се наградат, оние што работат не толку добро да се казнат, е во ред. Но, знаеме дека кај нас, поготово во државните служби има класична злоупотреба на овие правила и многу работи се гледаат низ призмата на партиската припадност. Законот за државни службеници од тој аспект нудеше одредена заштита на луѓето, а сега како што се поставени работите, ќе отвори простор и за политички пресметки внатре во Агенцијата, бидејќи и сега оние кои работат во Агенцијата, поготово оние кои беа викнати дополнително, се исклучиво по партиска линија и за сите оние кои сакале да работат им е побарана партиска книшка од владеачките партии, доколку сакаат да им завршат работа. Од тој аспект апелирам максимално ако е интенцијата на законот таа да се почитува, да нема политички пресметки, затоа што на некој начин ќе се симне заштитата на вработените во Агенцијата за катастар на недвижности. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Николов.

Сега за збор се јави господин Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министре,

Би сакал јас најпрво да го изразам своето негодување што стана практика на вакви битни законски проекти да не недостои до крај да остане овде во Парламентот министерот за правда. Дали можеби е свесен дека има овде условно речено непријателско опкружување, па ќе биде дочекан на рафали, па го праќа земеник министерот кој реално не може да има таков анимузитет предизвикано пред се кај опозицијата и реално искуството покажа дека и претходно и кај други законски проекти многу полесно поминуваат кога е тој во салата. Но, да се вратам на тоа што генерално треба да биде забелешка. Недопуштено е ваков законски проект да оди во една фаза. Значи, повторно продолжува практиката за која говореше и колегата Марјанчо Николов, нема ниту една добра причина овој закон за кој тврдиме дека има исклучително големо значење дека се заменува еден закон кој со низа на свои слабости, сепак, го преживеа периодот на транзиција од период на социјализам во капитализам и беше 22 години на сила. Законот за премер на катастарот и запишување на правата на недвижности од 1986 година беше 22 години во сила во оваа наша држава, имаше бројни слабости, но имаше некои предности кои како надградени елементи ќе требаше да бидат основа на овој нов Закон за катастар.

Јас знам дека покрај вработените во Министерството за правда, беа вклучени овде и дел од експерти од Правниот факултет. Но, знам исто така дека не беа вклучени дел од доаените меѓу ретките екперти во нашата држава кои работеле во минатото на предностите и слабостите на нашиот систем на евиденција на недвижности. Знам дека во меѓувреме дел од проблемите кои ги имаше Република Македонија, затоа е една од ретките поранешни републики од поранешната СФРЈ која го нема целосно устроено катастарот, заради тоа што поранешната држава имавме микс на два системи кои почиваа на различни правни наследства. Едни кои побрзо се трансформираа. Почитуван потпретседателе, ако може некои од колешките доаѓаат овде само да разговараат на телефон ме деконцентрираат.

**Благој Зашов:** Имате право, а јас сега ќе се обидам уште еднаш да укажам дека треба со внимание да се сослушаме, колеги пратеници.

**Владо Бучковски:** Пратеничката од ВМРО-ДПМНЕ ако сакате да ја опомените да биде малку подостоинствена. Со ваша помош стана пратеник, затоа секој пат кога ќе ја видам, почитуван господине Матоши, ме асоцира на ДПА, па затоа се извинувам, сега ми текна дека е од ВМРО-ДПМНЕ.

**Благој Зашов:** Ве молам, тишина, продолжете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Значи, во трансформацијата на системот на евиденција на недвижности многу побрзо успеаа да се трансформираат оние кои почиваа на системот на земјишни книги, а тоа е успешната трансформација што ја направија хрватите и словенците, затоа што за разлика од нас, го нема наследството од Отоманската империја со тапиите и со интабулационите книги. Мислам дека кога земаме многу добри консултанти, овде како прво не е тука и не можам вас да ви се лутам господине Василевски, почитуван заменик министер, кога го слушате Маневски најстариот комунист или социјалист во салава, има толку стаж во поранешниот систем колку целото раководство на СДСМ, да говори дека претходно ништо не чинело и кога тој дошол за една година се направило чудо, е навистина трагикомично. Почитуван потпретседателе, и така ова што го говорам за некои од колешките од ВМРО-ДПМНЕ е како шпанско село, па уште еднаш ќе ве замолам ако може да обезбедите услови во салата па да разговараме со ценетите претставници од Министерството за правда, да се обидеме да направиме еден добар законски текст.

**Благој Зашов:** Повелете господине Бучковски, се надевам дека ќе ве слушаат.

**Владо Бучковски:** Благодарам почитуван потпретседателе. Не мора да ме слушаат, туку ако не им е интересно ова, може да им е здодевно, нека ја напуштат салата, за да може да водиме сериозна расправа, затоа што ние сериозно сакаме да дојде до подобрување на овој текст.

Значи, имаме колеги партнери од Манор системот норвешки, веројатно најдобриот во Европа и во светот, во делот на евиденцијата на недвижностите. Но, тие треба да ја сватат и нашата реалност. Нивното инсистирање на овој начин да направиме реформа на нашиот катастар ќе се судри со бројни вградени мани кои ги има овој систем.

Како прво, дали е Република Македонија реално подготвена, како овде што оптимистички се

очекува, да се направи чудо и да го доустроиме Катастарот до септември оваа година. Треба уште веднаш да знаеме дека тоа е невозможно. Процентот за кој се зголеми устројувањето на Катастарот од 45% што ги имавме на крајот од 2005 година за да имаме 70% денес не се должни, затоа што дојде волшебникот Маневски, туку заради тоа што претходно имаше сериозен ангажман на претходната Влада, одлична работа во Државниот завод за геодетски работи и почна системот на компјутеризацијата да функционира. Значи, наследен е еден проект и јас се радувам што овој проект ќе се дозаврши и верувам дека ќе биде од полза онака како што вели земеник министерот за правда, да биде Македонија поатрактивна бизнис дестинација. Затоа што, објективно ако гледате на сите анкети кога се прават за привлекување на странски инвеститори најголемата мана која се посочува е проблемите во Катастарот. Затоа што Катастарот е асоцијација веднаш на гарантирање на приватната сопственост. За жал, ние во овој момент не можеме да ја гарантираме приватната сопственост.

Како прво, заради тоа што Катастарот не е устроен до крај.

Како второ, сеуште имаме незавршен процес на денационализација и затоа беше во право колегата Николов кој инсистира и тука сега кога се договараме да биде ова еден поголем пакет, каде што јас би додал уште една работа. Како прво, ако даде предлог кој е конструктивен да се даде еден рок во кој второстепените владини комисии ќе го завршат овој дел кој е многу битен, за да знае утре потенцијалниот странски инвеститор кога ќе дојде и кога ќе даде пари да не се судри со проблемите. Беше актуелно пред 1-2 месеци еден грчки инвеститор, еден од најбогаатите Грци, во друг контекст говорам, не заради политичките проблеми, туку заради интенцијата Грците да бидат и понатаму најголеми инвеститори во Република Македонија, да добие од Владата определено земјиште градежно, во моментот кога сака да почне да ја реализира својата инвестиција, да се појави проблемот со денационализацијата. Тоа се појавува и во други случаи кои се сега актуелни, каде што Владата промовираше нешто друго, а не изградба на некој стопански објекти. Сметам ако сакаме да имаме пакет кој ќе ја подобри условно речено деловната клима, мора предлагачот да води сметка дека на ваков амбициозен проект му недостасува и измени и дополнување на основниот системски закон кој ја уредува сопственоста и стварните права врз недвижностите.

Значи, заменик министер треба да му порачате на колегата Маневски, ако сеуште го интересира граѓанското право, не може да се фати со сегментот на евиденција на недвижностите и да го промовира начелото на конститутивност, каде што сопственоста, според вашиот предлог што го давате, ќе има поинаков сега третман кога е склучен договор со кој ќе дојде до пренос на сопственоста од едно лице на друго, од купуважот на продавачот. Со моментот кога тоа ќе биде забележано во јавните книги, тоа ќе биде моментот кога се пренесува сопственоста, според ова што вие го предлагате. Ако сме доследни кога говориме дека сопственоста е она што треба да биде евидентирано во Катастарот на недвижности и други стварни права, мораше паралелно во еден преоден период да имаме измени на Законот за сопственоста и другите правни права, за да го заокружиме концептот, а не да оставаме правни празнини, каде што тврдам дека ќе се продуцира и понатаму еден несоодветен пристап во завршувањето на овој процес, кој за жал, мора да признаеме веќе и со законот ако го читате, во поранешна СРМ кога е носен во 1986 година се сметало дека со носењето на тој закон за премер на катастар и за пишување на правата на недвижности, ќе се устрои катастарот. Тогаш, давани се оптимистички варијанти дека тоа ќе се направи за 5 или 10 години, па поминаа 22 години да речеме можеби и легислативата или законскиот основ е проблем за да имаме поуспешна и поефикасна постапка на евиденција на недвижностите. Јас не сум сигурен дека со овој закон на начиноит на кој тој се прави ќе го постигнеме тоа во овие оптимистички зададени рокови. Ние тоа треба објективно да го кажеме дека ако имавме реално прогрес во еден временски период, тоа е 2006 - 2007 година, не верувам дека можеме сега да направиме чудо и за една година и со ваков нов закон да го завршиме сето она што не е завршено по последните три декади.

Второ, сметам дека, тоа е принципиелна забелешка што постојано ја кажуваме и со овој законски проект од матичното министерство кое мора најмногу од сите други да се грижи за начелото на уставност и законитост, повторно се посега по менување на концептот кој е регулиран со еден системски закон, а тоа е Законот за организација на органите на државната управа. Ние повторно со еден закон кој треба да биде лек специјалист, го дерогираме двотретинскиот законик и го менуваме Државниот завод и го правиме агенција, што е недопуштено. Вие треба да се пресметате што се меѓувреме направивте на овој начин и да смогнете сили да преговарате со опозицијата дали ќе ви даде 2/3 поддршка да го измениме Законот за организација за работата на органите на државната управа.

Трето, она за кое говореше и колегата Марјанчо Николов, сметам дека несреќно ви е решението каде што Агенцијата кога ќе има својство на правно лице претендирате да биде раководена условно речено од директор, кој според мое мислење би требало да биде висококвалификуван за оваа област, а вие тоа оставате и понатаму да биде партиско решение, според решението кое го нудите, затоа што сметате дека треба да биде само со високо образование, 5 години работно искуство и три години на раководно место. Сметам дека условно речено остава простор аналфабети за оваа сериозна проблематика, што е пред се правна и не треба да се срамите, туку

треба да пишува дипломиран правник. Секоја чест, овде ќе говорат и други колеги кои се поблиски можеби до урбанизмот, до градежништвото, до други области, но ова е парекселанс, функција каде што дипломиран правник треба да ја раководи. Не можам да сватам зошто имате вакво решение каде што не сакате да признаете дека еден од најсложените сегменти воопшто на општествените науки е токму граѓанското право или за ова за што денес говориме, устројување на катастарот на недвижности. Така што, сметам дека е ова голема фалинка, како што исто така сметам дека е голема фалинка што во управниот одбор ќе нема претставник до она што претендирате да го промовирате, а тоа е да направите сега сите геодети да имаат своја комора и би било прикладно тие да бидат, бидејќи тие ќе бидат условно речено продолжена рака на државата во евиденцијата во конкретни случаи примена на Законот, при премерот и Катастарот, не гледам зошто тие да немаат овде претставник, а да биде ова всушност еден мини владин состав каде што не гледам дека би можела Владата самата да се контролира. Ми изгледа небулозна оваа одредба, затоа што во други случаи применувате други правила.

Велите, во управните одбори, бидејки се штитат јавниот интерес, треба да бидат претставници кои би можеле да вршат контрола на работата на владините претставници, затоа што ако директорот го избира Владата, а некои државни службеници од Министерството за правда, Министерството за трасnспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, условно речено, ќе ја спроведуваат само владината политика и ќе бидат некој вид на заштита на избраниот директор на оваа Агенција од Владата, а не да бидат контролор во неговата работа. Така што според мое мислење овој член треба да се преработи, исто така како што треба да се преработи и начинот на кој ќе се бира и профилот на потенцијалниот директор во оваа нова Агенција.

Понатаму, она што го дадовте сега како објаснување зошто овие службеници нема да бидат државни туку ќе имаат поинаков назив, ќе бидат катастарски службеници, држи. Треба да се види дали во она што го заговараме и ние како опозиција, ќе успеете во рангирањето на овие службеници, да го најдат оној платен разред, да биде во позиција, за да не се судруваме со проблемите што, да речеме, е сега Министерството за правда, можеби како наследени проблеми, со судските службеници. Значи секој сега претендира, кога ги виде кои се предностите на Законот за државни службеници, да има статус на државен службеник, затоа што тоа е, условно речено, повисок статус, а не беше тоа интенцијата. Значи интенцијата беше во државата, во зависност од тоа какво е образованието на одреден службеник, независно дали тој работи во државни служби, во судски служби или во катастарски служби, за еднаков обем на работа да има еднаква плата. Тоа ќе биде едно од прашањата што го имате како кукавичко јајце овде. Ако не им обезбедите на овие службеници да имаат соодветен третман како досега, може да биде уште еденотворен, латентен проблем за во иднина, што мислам дека со подзаконските акти за кои сте дале само 6 месеци, може да се надмине, но не сум сигурен дека може во тој кус рок тоа да се регулира.

Да не должам многу, бидјеки имаме серија на амандмани за кои исто така би сакал да разговарам и да дадам некои предлози, мислам дека клучниот предлог од оваа општа расправа треба да биде, сепак, заради сложеноста и обемноста на овој закон, станува збор за повеќе од 200 членови кои задираат во суштината на развојот на еден систем кој сакаме да го градиме, кој треба да почива на приватната сопственост и на пазарното стопанство. Не може да претендираме, да го развиваме нашето стопанство, нашата економија ако овој проект не успее онака како што замислиле, да речеме нашите партнери од Норвешкиот консултански тим или од Светска банка. Сепак и Светска банка, експертите од неа кога почнаа да работат во овој дел, во реформи на граѓанското и облигационото право, заборавaат еден факт а тоа е дека сепак нашиот систем почива на рисмко-германското правно семејство. Не е ова комолол систем. Не може преку ноќ да се смени филозофијата на генерации на правници кои го устројувале овој систем. Затоа јас ви тврдам дека овде има вградено многу мани што не можат консултантите да го сфатат, се менуваат, тие се техничка помош, на 6 месеци на година дена службениците. Околу вас имате искусни државни службеници кои ги сфаќаат проблемите. Треба отворено да се проговори со проблемите со кои се судираме. Тоа е поинаков систем и треба да се респектира она што реално го има Република Македонија како правно наследство. Сакаме да го хармонизираме нашиот правен систем, мора да се почитува традицијата.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Бучковски.

За збор се јави заменикот министер за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван Бучковски, јас лично, можам гласно да размислувам, прифаќам дека вашиот коментар е исклучиво во насока на подобрување на текстот на овој законски проект, значи уште повеќе што и како професор на Правниот факултет, римско право има доста допирни точки со правото на сопственост.

Јас би се обидел накрратко, во делот на коментарот на пратеникот Бучковски, можеби да исполимизирам во делот на институционалната поставеност, нели спомнавте и во делот на Хрватска и Словенија. Не се согласувам затоа што сепак во Република Македонија имаме спој на тие два системи за запишување на правата на

недвижности и утврдување на фактичка состојба, нешто што сме пред Хрватите и Словенците, што сега тоа во меѓувреме го прави, да кажеме Шведска, Литванија, Холандија и т.н., меѓутоа да не навлегувам во таа проблематика.

Она што коментираше доста реално и објективно пратеникот Бучковски, точно е дека имаме проблеми околу потребата и постапката за денационализација, меѓутоа претпоставувам дека му е познато и на пратеникот дека Валдата на Република Македонија донесе една Одлука да ја забрза таа постапка за денационализација што треба да заврши до месец јуни оваа година што можеби дава некоја резерва, дали и како во тој дел. Ние често пати се обидувавме во таа Комисија, зарадинамалување на бројот на предметите кои се во владината комисија, да ги зголемиме со број на членови што сметавме и сеуште сметаме дека ќе иманекој ефект во таа работа, дава некој определен, можеби, резултат. Меѓутоа, не знам дали навистина до шести месец ќе се заврши, меѓутоа, ако се придржуваме, условно кажано оптимистички до шести месец ќе заврши тој проект ќто се вика денационализација. Дефинитивно како што секојпроект има почеток, мора да се согласиме дека има и крај.

Во делот на тоа дали оптимистичките рокови што ги предлагавме, мора да се согласиме дека од некаде треба да почнеме. Почитуван пратеник Бучковски ние мора од некаде да почнеме. Значи ако останеме само на делот онака како што се движеше до овој момент работата во Катастарот, очигледно е дека има добар дел на празнини и пропусти. Сепак времето ќе покаже. Сепак и јас сум оптимист дека навистина ќе успееме.

**Благој Зашов:** Благодарам господине заменик министре.

Повелете господине Бучковски имате реплика на излагањето на господинот заменик министер.

**Владо Бучковск**и: Благодарам потпретседателе.

Ја прифаќам конструктивната атмосфера која ја наметнуваат претставниците на Министерството за правда. Уште еднаш се покажува дека кога не ви е првиот човек на Министерството тука, полесно можеме, без писма да ги надградиме законските прописи кои ги предлагате.

Треба да се има во предвид дека од 1986 година кога е донесен Законот кој денес претендирате да го смениме, еден обид имаше за негово подобрување во 1991 година. Најсериозниот зафат е правен на два пати во 2005 година, кога истите овие експерти кои сега се инволвиран, Норвешките експерти, тврдеа дека со тоа ќе го решиме проблемот. Јас тврдам дека ниту тогаш ниту денес сфаќаат во што е проблемот. Полесно е нивниот систем на модернизација на Катастарот на евиденција на недвижности да се направи на овој систем кој почива на земји со... право. Затоа во Хрватска имаме веќе во нивниот систем на грунтовници, она што сега се обидува да го прави нашиот Катастар, онаму каде што е устроен, каде што може секој дома да провери дали може да поседува имотен лист, дали може да си го оствари своето право без погоелм проблем. Значи, модернизацијата односно тоа што ќе го правиме со системот на компјутеризација, сето тоа да се прави во електронска форма, е чекорот кој треба да се поздрави. Тука не верувам дека ќе има посериозни проблеми, но сметам дека поставеноста на целиот овој систем кој треба да се надгради на она правно наследство на тапиите и интабулациите, ќе дојде во определен момент до проблематични ситуации кои ќе треба, мислам во преодните и завршните одредби, до крај да се разграничат затоа што не гледамјас други проблеми освен оние што знаеме што се наш проблем. Не е само пробелмот на нивото на едукација на јавната администрација. Дали имаме ние подготвени решенија кои, овде тврдите, одеднаш како со гума ќе ги избришат секојдневните глетки од шалтерите на Катастарот, дека нема да има такви турканици и гужви. Јас тврдам дека тоа не може да се случи толку брзо. Треба да не гаиме илузии дека преку ноќ ќе ги промениме работите. Добро е да се подржат дел од решенијата, но добро е и Министерството за правда да го прифати апелот на опозицијата, да имаме сериозна конструктивна расправа во две фази, да ги слушнете нашите аргументи за да не се надмудруваме овде во амандманска расправа.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Бесим Догани).

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

Реплика има госпоѓа Ружа Ѓорѓевска, повелете.

**Ружа Ѓорѓеска:** Благодарам потпретседателе.

Би сакала да бидам изненадена од реториката на колегата Бучковски, но познат е веќе неговиот начин на говорење и наполно го сфаќам, од потребата да се рехабилитира во редовите на СДСМ.

Ако тој смета дека на некој од нас не ни е местото тука, само да му кажам дека тој нас не не бираше, туку не избраа нашите гласачи, за него многу добро знаеме каде му е местото. Јас убаво знам на која политичка партија и припаѓам, а тоа е ВМРО-ДПМНЕ и неговиот цинизам воопшто не ме погодува, бидејки како што и тој самиот си кажа во една пригода, за среќа јас не сум плавуша, црнка сум, да го потсетам, а ќе им пренесам на моите комшики плавуши, бидејки често ги интересира тоа што еднаш овде го кажа, со следното пиење на кафе, бидејки тие често прашуваат зошто сте сеуште тука. Имам чувство дека некако сака да изиграва поголем папа од папата во редовите на СДСМ. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Ѓорѓевска.

Господинот Владо Бучковски има контра реплика, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, некој умен човек рекол, ако некому сакаш да му се налутиш, прво сечи му колку му е умот. Во духот на тоа што го кажале, јас воопшто не и се лутам на колешката.

**Бесим Догани:** Збор има господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе, дами и господа пратеници.

Се надевам дека ќе иамме доволно доблест да ги надминеме нашите разлики и да се вратиме на денешната тема, а тоа е законот за катастар на недвижности.

По својата содржина Предлог законот за катастар на недвижности можеби позитивно ги надминува правно-техничките рамки на досегашните закони, иако, нормално, не се согласувам со сите оние кои зборуваа дека денешниот закон или постојниот Закон е стар 22 години. Апсолутно не е така.

Во овој собраниски состав има пратеници кои учествуваа во носење на измените во 2005 година и сигурен сум дека и тогашната опозиција и позиција имале најдобри намери при носење на Законот во 2005 година и се што можеле да понудат понудиле тогаш и донеле сосема исправно решение.

Кога зборуваме за правно-техничките рамки и пропусти во досегашните закони, а тоа може да се види и преку намерите на предлагачот за воведување на единствен геодетско-катастарски информационен систем во Република Македонија, преку кој ќе се овозможува влез на висока технологија во процесите на димензионирање, организација, регистрација и остварување на сервисите кон корисниците. Сепак, морам да нагласам дека овие промени кои се понудени не се доволни за да може врз основа само на нив да се гради илиизвлече заклучок дека законот треба да се донесе во скратена постапка.

Почитувани колеги пратеници, на самиот почеток на мојата дискусија би сакал да дадам неколку кратки коментари за самиот концепт на законот.

Интегрално законот поставил и обработил три комплексни сегменти. Првиот сегмент се основните геодетски работи. Вториот сегмент се катастар на недвижности и третиот сегмент е картографијата која за прв пат се појавува во Република Македонија. Секој од овие сгменти по својата специфичност и значење од поодамна иницира потреба од нивен посебен третман, низ самостојни посебни законски проекти.

Сакале или не, мораме да бидеме јасни и конкретни во проценките, особено на комплексноста на овие сегменти и последиците или можните последици за нецелосниот или периферен нивни третман. Имено се работи за следново:

Ако во Законот за катастар иницирате намера за интигрален третман и пристап на трите сегменти на кој почива законот, а тоа се основите на геодетските работи, катастарот на недвижности и картографијата, тогаш мислам дека пристапот е несериозен и не смао што е не сериозен туку се деградира или поточно се минимизира фундаменталноста на значењето на овие сегменти, за една држава. Токму тука и ја гледам причината за мноуте пристигнати забелешки по текстот на предложениот закон, како од страна на пратениците, така и од експертската јавност во Република Македонија.

Искрено се надевам дека низ амандманска расправа ќе се развијат пошироки дискусии за иницираните проблеми, но во моментот сакам да дадам еден предлог кој е едноставен за разбирање, а произлегува од логичноста на содржината на законот.

Оптимално би било, од Предлог законот да се изостави содржината која ги обработува сегментите на основните геодетски работи и картографијата, истите да се разработат во посебни закони, а во овој закон да остане само материјата за катастар на недвижности. Иако оптималното, за нас често пати во овој Парламент, нема алтернатива, за законот би можело да се дискутира и од еден друг аспект.

Разбирливо е дека насловот на законот треба да кореспонида со неговата содржина. Ако се прифати оваа констатација, тогаш насловот на законот би требало да биде -катастар или закон за основни геодетски работи, катастар за недвижности и картографија. Не знам зошто, ако веќе милувате да одат сите три основни параметри кои ја обработуваат оваа димензија, зошто тоа не сте го ставиле во името на законот или во насловот.

Почитуван заменик министер, сакам да бидам коретктно разбран, истовремено се обраќам и до вашите соработници, без никакви политички предрасуди, бидејќи ние денес имаме предлог на еден, би рекол, фундаментален закон кој со нашите позитивни критики по неговата содржина, мораме да го поправиме колку што можеме, да не се случи повторно после две години некој да зборува дека законот не ни е стар 22 години, ни е стар 2 години, меѓутоа не функционира, не може да се имплементира и ред други работи.

Од тие причини бидејќи во своето експозе, односно образложение министерот ги спомена и ги потенцира особено експертите на Светска банка би сакал да направам една паралела со содржината на овој закон и мислењата на странските и локалните експерти на Светска банка ангажирани на проектот Реформи на катастарот дадени по содржината на законот кој во моментов е на сила, значи за постојниот закон. Во извештаите на експертските тимови и поединци дадени за законот кој што е на сила. Може да се забележи дека Законот за премер и катастар и запишување на правата на недвижности содржи неколку значајни новости кои во голема мера ќе ги поедностават и забрзат постапките за премер и упис на правата на недвижности на катастарот и ќе придонесат во еден разумен рок да се устрои катастерот на недвижности на целата територија на Република Македонија. Се работи за мислења кои се поклопуваат со образложението дадено од страна на предлагачот на законот за кој денеска всушност расправаме. Еве во кои точки во законот

што во момент е во сила, експертите ги базираат овие заклучоци. Ќе започнам редоследно цитирајќи ја содржината од самите извештаи.

Првата и секако најзначајна новина во Предлогот за именување и дополнување на Законот за премер и катастар и запишување на правата на недвижности е воведувањето на приватната геодетска дејност. Ако е тоа првата и најзначајна новина, според постојниот Закон за премер катастар и запишување на правата на недвижностите тернските работи од премерот установувањето на катастерот на недвижностите и одржувањето на премерот на катастерот за недвижности како и геодетските работи за посебни намери ги врши се разбира Државниот завод за геодетски работи. Тој има монопол во вршењето на посебните геодетски работи иако според законот тие не се негова основна дејност. Вршењето на претходните наведени работи не се одвива според предвидената динамика и претставува сериозен проблем во остварувањето на правата на граѓаните и кочница во востановуваењето на катастерот на недвижности на целата територија на Република Македонија. Поради тоа, а во согласнос со препораките на меѓународните и локални експерти на Светска банка во измените на Законот се предлага извршувањето на оперативните би рекол, теренските работи од премерот установувањето на катастерот на недвижности и одржувањето на премерот на катастерот на недвижности се доверува да го вршат овластени геодети. Со воведувањето на приватна геодетска дејсност реално е да се очекува да се надминат сегашните незадоволителни состојби во Државниот завод за геодетски работи во делот на проблематиката на геодетската дејност што треба да доведе до забрзување и востановување на катастерот на недвижности на цела Република Македонија. Тоа е од една страна, но од друга страна воведувањето на вршење на геодетска дејност треба и мора да доведе до растеретување на државниот Буџет за сите оние работи за кои по барање на граѓаните би требало работите од геодетската дејност да ги финансираат самите граѓани.

Почитувани колеги, исто така воведувањето на вршењето на приватна геодетска дејност треба да резутира со нови вработувања, не само на дипломирани геодетски инжинери и геодетски инжинери и на друг технички и административен кадар.

Како втора препорака од странските и локални експерти е воведувањето на поединечното запишување на правата на недвижности и по барање на граѓаните во премерените и непремерените катастарски општини каде е во примена катастерот на земјиште.

Јас зборував и на Комисија за оваа работа и тогаш напомнав дека нема потреба доколку се почитува оваа одредба од носење на еден ваков закон, но се разбира тогаш не добив одговор.

Ваквата препорака е прифатена и вградена во предложените измени и дополнувања на Законот за премер, катастер и запишување на правата на недвижности.

Третата препорака која експертите ја искажаа како сопствен став, а истата се стави во Законот за премер, катастер и запишување на правата на недвижности беше да не се запишуваат податоци кои не се потребни за катастарот на недвижности, затоа што тие само ја отежнуваат, ја усложнуваат, одолговлекуваат постапката за упис.

Покрај овие наведени суштински новини, кои се предлагале од странските и локални експерти и од Светска банка, а се прифатени од работата група за изготвување и дополнување на Законот за премер, катастер и запишување на правата на недвижности, нормално било и беше да се вградат и низа други решенија кои се на линија на забрзување на постапката за упис на правата на недвижностите во катастерот на недвижности.

Навистина би можел подолго да зборувам за оваа работа, но ако овие заклучоци се споредат почитуван заменик министер со содржината на овој Закон ќе стане апсолутно јасно дека се предлага нешто што во суштина веќе е вградено во постојниот закон.

Токму оттука е и мојата забелешка дека образложениeто за мотивите за донесување на овој закон не се доволно цврсти.

Почитувани колеги,

Сега би продолжил со моите останати размислувања на некои од клучните промени кои се предлагаат во овој Предлог на закон.

Најпрво, би сакал да кажам неколку збора за формирањето на новата организациона форма на Државниот завод геодетски работи или трансформирана по ново во Агенција за катастар на недвижности.

Овој облик на организација, мандатната институиција за катастерот на недвижности се разбира сам по себе ја определи нејзината примарна дејност. Се работи за Агенција за катастар, иако во пропишаните надлежности на Агенцијата се дефинирани надлежности врз останатите два односно три сегменти.

Дефинирајќи Агенција со ваков наслов непосредно дава за право да се забележи дека за останатите сегменти е стеснет просторот за реален и адекватен третман на сите нивни функции кои конструктивно би требало да чинат една целина.

Сакаме или не може детално да се анализира предлогот или Предлог организационата форма во законот, но во моментот посебно би сакал да кажам неколку збора за формирањето на управниот одбор.

Предлог на членови за управен одбор доаѓа од министерствата, министерот сакаше да ги пофали, во своето експозе ги спомна петте министерства кои што треба да предложат, меѓутоа заборави да каже што всушност тоа значи. Тоа не значи ништо друго туку формирање

на пар екселанс политички орган. Тоа значи дека предлозите може да доаѓаат само од министерствата, што практично значи предлозите на министрите на тие министерства само по себе нормално дека остава резерва и голема несигурност дека управниот одбор ќе претставува чиста политичка структура исклучиво на владеачките партии што од друга страна значи дека стручниот аспект ќе дојде до некој трет план и дека ќе надвладеат некои други елементи по кои ќе се суди и ќе се работи. Сега за сега додека е ДПМНЕ тоа ќе го направат тие, па ќе дојде СДСМ ќе го смени управниот одбор, па ќе постави свои, па потоа пак ќе дојде СДСМ па пак ќе стави свои луѓи итн, итн.

Мислам дека на овој начин стануваме свесни дека надлежностите кои што ги има Агенцијата ќе бидат повеќе од ограничени или рестрективни.

Втората моја забелешка за која морам да бидам многу критичен е врзана со регистрација на недвижности. Не знам, дали треба да прекинам, или ...

(Нема проблем.)

И не знам зошто, законот ја става надвор од законот на општа управна постапка. Се согласувам дека со овој предлог многу ефикасно ќе се оствари базичната намера на законот со која треба да се обезбеди ефикасна регистрација со намалени процедури, меѓутоа, дозволете ми да ја образложам причината за тоа.

Ако во досегашното работење на катастерот е еден од приоритетните недостатоци е лоциран во големиот број на процедури, каде што голем дел од нив имат и формален статус министерот сам, никој не го бараше тоа од него, меѓутоа потенцира дека за само две години е извршена евиденција од 70,5% и до крај на годината односно до септември тој процент ќе биде некаде околу 75% и да очекуваме дека до крајот на годината ќе биде некаде околу 80%.

Ако е тоа така, ако тоа не е само статистика има ли потреба да се менува нешто? Има ли нешто подобро ако е тоа точно? Напротив, треба да се потенцира во овој закон дека оваа одредба е одлична и ние за 6 месеци, или 7, или следниот јуни, за година дена ќе завршиме, иако знаат вашите соработници дека не сме должни да го наприваме тоа до 2014 година, меѓутоа кога се движиме на семинари, кога се движиме со нашите колеги пратеници од други земји на Европската унија тие велат ние не сме подготвени и не сме убедени дека до 2014 година ќе успееме да ја завршиме работата. Но, ние сме моќни, еве гледаме можеме дури во една фаза да донесеме еден ваков сериозен, би рекол пресериозен закон, фундаменален, меѓутоа што сега. Значи, со намера да се забрзаат процесите за регистрација и времето за нивна конситутивност што се прави? Се скратува времето само на три дена, во постојниот закон тоа се предвидува до 30 дена за предмети без теренска консултација и 60 дена за предмети со теренска консултација.

(Дофрлување на претставниците од Влада од место)

А, за новиот закон зборувате. Тоа е така, меѓутоа само на филм. Кога ќе видите што ќе се случи по три дена на шалтерите по катастерите и ќе видите дека комплетно предметите се пренесуваат во судовите нема да бидете овде ние пратениците да кажеме кој е во право.

Но, почитувани колеги имајќи ја состојбата со податоци и неизедначеност со содржини и законски акти под кои е формиран катастарот во соодветни катастарски општини, иако се напоменува секоје населено место би било катастарска општина, овој концепт ќе предизвика голем број на предмети во институции надвор од катастерот.

Тоа значи дека секое несогласување со регистрацијата понекогаш и за најнеформален дефект решението за корекција ќе се добива или ќе се бара од судови и други мандаторни институции за решавање на ваков тип на спорови. Ова значи со овој Предлог Законот за премер, катастер и запишување на правата на недвижности нема, тврдам дека нема да се обезбеди побрз и поефикасен начин на воспоставување на катастер на недвижности и ќе се предизвика една хаотична состојба во евиденција на недвижностите, ќе се направи она што е најстрашно, една фиктивна состојба во евиденција на сопственоста.

**Бесим Догани:** Господине Ќуркчиев, бидејќи е 14,00 часот ве молам, дали ќе завршите или да го оставиме вашиот говор за после пауза.

**Никола Ќуркчиев:** Јас не сум ни почнал уште потпретседателе.

**Бесим Догани:** Тогаш ќе продолжите во 15,00 часот. Пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,18 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

Господине Ќуркчиев ако сте спремен продолжуваме со работа.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги, дозволете ми да продолжам со моите размислувања.

Почитуван заменик министер, ми се чини дека сите ќе се согласиме дека Предлог законот за катастар на недвижности нема да обезбеди побрз и поефикасен начин на воспоставување на катастар на недвижности и како што веќе реков мислам ќе предизвика една несакана состојба во делот на евиденцијата на недвижностите, а особено што го потенцирав дека ќе направи една фиктивна состојба во евиденцијата на сопственоста, од која што не знам како ќе излеземе.

Она особено што сакам во оваа прилика да го потенцирам како негативен дел на овој Предлог закон е формирањето на геодетската комора, која

што е навистина приказна сама за себе. Ако сите се сложивме дека Агенцијата за катастар се предлага и е исклучиво политички орган, во кој не смеат да членуваат или не смеат да бидат вклучени претставници на заинтересираните страни, без разлика дали се работи за извршители, нотари, агенции, дел од судските органи, можеби Централниот регистар, Заводот за статистика итн, ако не можевме во тој дел да интервенираме, ние имаме како пратеничка група поднесено амандмани во тој дел и се надевам дека се разгледани и дека ќе успееме нешто да направиме. Меѓутоа, она што загрижува или ако овој политички орган не е доволен, се продолжува и во делот на формирање на комората, што јасно дава на знаење дека на сите оние кои што имале можност да го проанализираат овој закон дека работава станува сериозна.

Имено, почитувани колеги, несвојствено е Законот за катастар во кој се формира мандатна агенција за регистрација да се предлага начин и целосна обработка на структурата на организацијата на слободна групација на компании. Се работи за предлог организирање на приватниот геодетски сектор кој функционира по приватна основа и истите имаат организациона структура и денес концепциски поставена да ги штити нивните интереси и да ги застапува. Од една страна, почитувани колеги, велиме и се фалиме дека во Република Македонија има околу 200 овластени геодети или министерот потенцира 197 и 34 геодетски друштва во оваа година, а од друга страна воопшто не ги есапиме и како што вели министерот дозволете ми да го цитирам. “Сакам да ви напомнам една работа да имате предвид почитувани пратеници дека во 2006 година сега во Република Македонија има околу 197 овластени геодети. Само во 2007 година има зголемен број на овластени геодети за 82. Според тоа, можете да претпоставите ако во 2005 до 2007 година имало толку геодети, само во 2007 година има нови 82, а трговски друшта се зголемени во 2007 година за 34. Тоа значи дека ги покажува напорите на Владата на Државниот завод за геодетски работи на соодветните институции во Република Македонија. Катастарот на недвижности да биде уреден на еден соодветен начин за да може Република Македонија да има катастар на недвижности да се обезбедува правната сигурност на сопственоста, да се обезбедуваат и странските инвеститори и домашните инвеститори, да имаат соодветна сигурност и да имаат правна сигурност во тоа што ќе го вложуваат и податоците кои ќе треба да ги црпат од катастарот, а не како досега да бидат изложени. Кога ќе добијат одреден евидентен лист, имотен лист инт, низ судска постапка тоа може да биде на одреден начин побавно. Сега со новиот закон што се предлага практично тоа што е запишано е запишано и понатаму не може на било кој начин да се избегнува, па затоа е таа претходна постапка која што треба да биде уредена и која што треба да биде спроведена токму заради гаранција на правата на сопственоста запишана во Катастарот”.

Почитувани пратеници, сите знаеме дека овој закон не ја решава сопственоста, туку тоа го прави еден друг закон, а овој закон ја регистрира недвижноста и правото на недвижност. Но, како и да е со ова сакав да кажам дека министерот призна дека во Република Македонија егзистираат околу 200 овластени геодети. Ако е тоа така, во право се сите оние кои што велат зошто министерот овие 200 луѓе со кои се пофали им дозволува да функционираат и да работат во Република Македонија. Зошто им дозволува, одговорот е многу јасен, заради тоа што во Република Македонија постои комора на овластени геодети. Се разбира, во рамките на Комората на овластени архитекти и инженери, меѓутоа законодавецот или предлагажот на законот, за жал, не сакал тоа да го види или пак не сакал да напише дека овие луѓе не смеат да работат. Не може од една страна да вели дека легално функционираат, дејствуваат и работат според важечките прописи, а од друга страна да вели дека едноставно ние сега ќе им ја уредиме работата како што тие најдобро сакаат. Мислам еден голем нон сенс кој што дава уште едно светло на предложениот закон дека не треба да биде донесен, особено не во една фаза.

Почитувани колеги, овој закон може и се очекува да предвиди и ја дефинира релацијата на Агенцијата за регистрација на недвижности и приватните компании на ниво исклучиво на функции или слично, а не да наметнува концепт за нивно ново еснавско здружување. Зошто? Заради тоа што тие веќе се здружени, заради тоа што веќе имаат лиценци за работа, заради тоа што веќе имаат здружение на геодети и претставниците на овој закон, имаа можност потпретседателот на тоа здружение да го слушнат на нашата комисиска расправа.

Почитувани колеги, дозволете ми на крајот да кажам збор два и за државните геодетски карти кои што се во надлежност на Агенцијата. Иако сите знаеме дека за проектот, особено и сме слушнале за проектот Џајка на Јапонската влада, која овозможи обука и можност да се изработуваат државни карти во Република Македонија, знаеме дека веќе на територијата на Република Македонија веќе има заработено Ортопото за целата територија, но имаме топографски карти за 2/3 од државата кои што и векторски и растерски, се разбира, го даваат она што досега немавме можност да го видиме.

Почитувани колеги, би сакал во оваа прилика уште еднаш да ве замолам сериозно да размислиме како и кое копче ќе го притиснеме. Носиме еден фундаментален закон и не гледам навистина никаква причина да брзаме со неговото донесување. И во нашата амандманска расправа се надевам сите ќе дадеме прилог и позитивни критики како да го подобриме овој текст на законот, меѓутоа сметам дека недвојбено треба да покажеме дека овој закон заслужува едно посебно внимание од страна на Парламентот, од страна на сите пратеници и дека истиот треба да биде донесен во две фази. Денес почитувани

колеги, во 21-от век сведоци сме на секојдневните трансакции во движењето на недвижностите. Во тој дел учесници во најголем дел се граѓаните на Република Македонија, кои купуваат, продаваат и изнајмуваат, се разбира, давајќи ја својата недвижност можеби во залог итн, и навистина во право се сите оние кои велат дека со овој закон се очекуваше да се стави ред во оваа област, но за жал предлагачот повеќе внимание обрна на брзината на носење на законот, отколку на решавање на суштинските проблеми на граѓаните. Се разбира дека има и други забелешки за кои што би можеле да зборуваме, особено во делот на поимовникот кој што не ги зел предвид сите изрази кои што се користат во овој закон и мислам дека не се опфатени голем број на правни институти, како што се да речеме државните топографски карти, стратегијата, стратешкиот план, поединечно запишување права на недвижности, конверзија на податоци, наменски карти итн., и за нив колку и да се трудите нема да најдете дефиниција. А, оние што се дадени, се разбира, се користат дефиниции на други поими, нема да спомнувам зошто и како, меѓутоа ако предлагачот реплицира, се разбира спремен сум да го потврдам и тоа.

Уште еднаш би ве замолил добро да размислиме и да се усогласиме дека еден ваков фундаментален закон заслужува повеќе внимание од наша страна, а граѓаните на Република Македонија ќе бидат задоволни доколку овој закон ги надмине нивните проблеми кои што денес ги имаат со катастрите во Република Македонија. Ве уверувам дека нема да погрешиме ако овој закон биде донесен во две фази. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ѓуркчиев.

Сега имаме деловнички проблем господине Макрадули, се јави за реплика заменик министерот за правда. Според Деловникот и министерот има веднаш право да земе збор.

Господине заменик министер, иако деловнички двајцата имате право веднаш да добиете збор, ќе му дадеме на господинот Макрадули збор, да бидеме малку конструктивни кон опозицијата.

Повелете господине Макрадули процедурално три минути.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Во членот 85 вели, да, на пратеникот кој сака да говори за повреди и неправилна примена на Деловникот или процедурално, претседателот му дава збор штом ќе побара. Затоа, ви благодарам веднаш штом побарав ми дадовте збор. Јас се повикувам на член 163 од Деловникот за работа, бидејќи според пратеничката група на СДСМ ова е закон со 221 член, кој што според образложението на министерот или на Владата се вели дека поаѓајќи од овие причини се утврди потребата за донесување на нов закон. Ние во членот 163 сметаме дека нов закон со 221 член е сложен и обемен и тоа каков закон и барам поддршка од 10 пратеници Собранието да одлучи Предлгот на закон да се претресува како Нацрт на закон.

**Бесим Догани:** Што се однесува до членот 163 господинот Макрадули има право, бидејќи Предлог на закон и Нацрт на закон се два различни поими, го молам господинот Макрадули да покаже поддршка од 10 пратеници.

Има поддршка од 10 пратеници.

Тогаш, ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да може да гласаме по предлогот на господинот Макрадули.

Давам 10 минути пауза за создавање кворум. Ви благодарам.

(По паузата)

Молам, службите да не информираат за точниот број на пратеници во салата.

Почитувани дами и господа пратеници,

Тука ја прекинувам денешната седница, а за продолжението ќе бидете дополнително известени. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,04 минути)